ОРГАН НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ СОЈУЗ НА РАБОТНИОТ НАРОД НА МАКЕДОНИЈА ПРВИОТ БРОЈ ИЗЛЕЗЕ НА 29 ОКТОМВРИ 1944 ГОДИНА ВО СЕЛО ГОРНО ВРАНОВЦИ УРЕДУВА РЕДАКЦИСКИ КОЛЕГИУМ ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК ТОШО ПОПОВСКИ. ВЕСНИКОТ ИЗЛЕГУВА СЕКОЈ ДЕН.

НОВА МАКЕ[Д]

ГОДИНА XXIII БРОЈ 7550 СКОПЈЕ, СРЕДА, 18 ОКТОМВРИ 1967 ГОДИНА

# СВЕЧЕНО ПРЕДАДЕНИ НАГРАДИТЕ „11 ОКТОМВРИ"

**— Високите признанија на годинешните добитници во присуство на голем број општествено-политички и културни работници, им ги врачи претседателот на Управниот одбор на Фондот „11 октомври" д-р Ксенте Богоев**

**Во присуство на голем број општествено-политички и културни работници меѓу кои беа и претседателот на Собранието на СРМ Мито Хаџивасилев и претседателот на Просветно културниот собор на Собранието на СРМ Драги Тозија, претседателот на Управниот одбор на фондот „11 октомври" д-р Ксенте Богоев, на свечен начин им ги додели високите признанија на годинешниве добитници на наградата „11 октомври".**

Во својот уводен збор, претседателот на Управниот одбор д-р Ксенте Богоев, меѓу другото, истакна дека ова е деветта година откако СР Македонија го дава своето највисоко општествено признание на поедини институции за врвни постигања во научното, уметничкото и културното творештво на годината, и за долгогодишното творење со осведочени вредности за науката и уметноста.

Во тој период, продолжи д-р Ксенте Богоев, близу 70 научни и уметнички дела, остварувања и животни постигања на наши еминентни работници, се внесени во листата на наградените. Тоа само за себе е сведоштво за разгранетата научна, а особено, културна и уметничка актива во творештвото што се движи по нагорна линија и добива нови признанија во нашата — македонска, југословенска и светска јавност.

Во продолжение, д-р Ксенте Богоев посебно говореше за наградените: д-р Блаже Ристевски, д-р Петар Миљаковиќ — Пепек, Коле Чашуле, Методија фотев, Властимир Николовски, Мери Бошкова, за Драмскиот театар, а за четири награди за животно дело: професорот Ханс Ем, писателот Антон Панов композиторот Трајко Прокопиев и сликарот Тома Владимирски, тој нагласи дека тие зад себе оставиле таков опус што претставува траен придонес во фондот на трајните научни и уметнички остварувања во Македонија.

Октомвриските награди, рече на крајот д-р Ксенте Богоев, се високо и заслужено признание за постигањата на добитниците и несомнен поттик за нови творештва во науката и уметноста во нашата Република.

Г. П.



За време на свеченоста